Врз основа на член 65 став (6) од Законот за животната средина („Службен весник на Република Македонија“ бр. 53/05, 81/05, 24/07, 159/08, 83/09, 48/10, 124/10 и 51/11), Градоначалникот на Општина Виница, на ден 07.11.2013 година, донесе

Одлука за спроведување на стратегиска оцена

1. За планскиот документ Детален урбанистички план за блок 6 дел 1 во градот Виница кој го донесува Општина Виница потребно е да се спроведе стратегиска оцена на влијанието врз животната средина согласно член 65 од Законот за животната средина.
2. Како органи засегнати од имплементација на планскиот документ Детален урбанистички план за блок 6 дел 1 во градот Виница се определуваат следните:Општина Виница и Министерството за животна средина и просторно планирање.
3. За планскиот документ Детален урбанистички план за блок 6 дел 1 во градот Виница, за чија изработка е одговорено ДОО Простор-Куманово, а го донесува Општина Виница, донесувањето на планскиот документ Детален урбанистички план за блок 6 дел 1 во градот Виница ќе има влијание врз животната средина.
4. Обемот на извештајот за стратегиска оцена треба да ги опфати следните аспекти: Економски развој, заштита на животната средина, промена на пределот и употреба на земјиштето.
5. Одлуката заедно со формуларите за определување на потребата од спроведување на стратегиска оцена се објавува на веб страната на Општина Виница на следната веб адреса/и: www.opstinavinica.gov.mk.
6. Против оваа одлука јавноста има право на жалба до Министерот за Животна средина и просторно планирање во управна постапка по втор степен во рок од 15 дена од денот на објавувањето на одлуката на веб страната.

Бр. 10-728
Место Виница

Име и презиме

Општина Виница
Градоначалник
Дипл.Екк Емил Дончев